## 3.3. Надворешен долг[16]

*Надворешниот долг зголемен на месечна основа при позитивни курсни разлики...*

Надворешниот долг на Република Македонија по долгорочни кредити на крајот на декември 2003 година изнесуваше 1.770,0 милиони САД долари, што претставува месечно зголемување од 50,6 милиони САД долари. Врз порастот на надворешниот долг влијаеа позитивните курсни разлики[17] од 37,1 милион САД долари, како и поголемите користења на средства во однос на отплатите.

Во текот на декември, од веќе одобрени долгорочни кредити повлечени се средства во износ од 39,8 милиони САД долари. Повлекувањата од официјалните кредитори изнесуваат 38,6 милиони САД долари, од кои 32,2 милиони САД долари потекнуваат од мултилатералните кредитори и тоа: третата транша од Stand-by аранжманот со Меѓународниот монетарен фонд (IMF), Европската Унија (ЕУ), Европската банка за обнова и развој (EBRD), Светската банка (IBRD), Европската агенција за реконструкција (EAR) и Меѓународното здружение за развој (IDA). Од билатералните кредитори повлечени се средства во износ од 6,4 милиони САД долари. Повлекувањата од приватните кредитори изнесуваат 1,2 милиони САД долари, од кои 0,7 милиони САД долари од странски банки и финансиски институции. Во декември 2003 година склучени се нови кредити во износ од 32,1 милион САД долари. Од нив 26,2 милиони САД долари се новосклучени кредити со мултилатералните кредитори-Европска инвестициона банка (EIB) и Европска банка за обнова и развој (EBRD). Со билатералните и приватните кредитори во декември 2003 година склучени се нови кредити во износ од 1,3 милиони САД долари и 4,6 милиони САД долари, соодветно.

Графикон 33
Користени кредити и отплатени обврски
(во милиони САД долари)




*...и поголем износ на користења, отколку отплати на средства*

Вкупните отплати кон странство по користени долгорочни кредити во декември 2003 година изнесуваа 29,5 милиони САД долари. Од нив 18,7 милиони САД долари се отплатени кон приватните кредитори, додека 10,8 милиони САД долари се отплати кон официјалните кредитори. Врз основа на главнина беа отплатени 26,0 милиони САД долари, а врз основа на камата 3,5 милиони САД долари. Во текот на 2003 година, вкупните користења на средства по склучени кредити (234,2 милиони САД долари) беа релативно урамнотежени со износот на отплатите (230,9 милиони САД долари),

[16] Претходни податоци на НБРМ. Податоците се однесуваат на долгот на Република Македонија кон странство врз основа на користени долгорочни кредити.
17 Позитивните курсни разлики делуваат во насока на зголемување на надворешниот долг.

а надворешниот долг на Република Македонија врз основа на користени долгорочни кредити на 31.12.2003 година, според прелиминарните податоци, е повисок за 16,6% во споредба со крајот на 2002 година.